# НОВИ УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Проблемот со справување и спречување од ширење на корона вирусот КОВИД-19 е се уште подеднакво актуелен како во земјава така и на светско ниво. Потребен е извесен временски период до целосно елиминирање на овој вирус во кој е неопходно крајно внимателно да се преземат мерки во насока на постепено економско заживување со релаксирање на рестриктивните мерки во движењето на граѓаните.

Владата на РСМ во насока на справувањето со последиците од коронавирусот ја зголеми заштитата на граѓаните со истовремено намалување на рестрикциите во движењето кои се уредени во следниве Одлуки и Уредби со законска сила:

1. **Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на РС Македонија** со која се намалува ограничувањето на движењето односно забраната за движење за време на работните денови ќе почнува од 19.00 часот и ќе трае се до 05.00 часот наутро, додека пак за време на викендите ќе почнува од 15.00 часот сабота и ќе трае до понеделник до 05:00 часот наутро. Со новата одлука за лицата над 67 годишна возраст ќе им биде дозволено движење во работните денови од 05:00 часот наутро до 12:00 часот на пладне а додека пак младите лица до 18 години ќе можат да излегуваат од 13:00 часот до 19:00 часот. Во сабота, на лицата над 67 години им се дозволува движење од 05:00 часот наутро до 11:00 часот а на младите лица до 18 години ќе можат да излегуваат од 12:00 часот до 15: часот.

2. **Уредба со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширење, сузбивање на заразна болест предизвикана од на коронавирусот КОВИД-19 и за заштита на населението за време на вонредна состојба** со која се уредува задолжително носење лична заштитна опрема на лицето за секое домашно или странско физичко лице на територија на РС Македонија, при излегување надвор од својот дом а при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, јавен превоз и при влез во затворени простории кои поради природата на дејност преставуваат место за собирање на повеќе лица како што се државните и здравствените институции, маркети, банки, пошти и слично. Согласно оваа уредба **под лична заштита се смета** било која форма на заштита која ги покрива пределот на носот и устата па како соодветни за оваа намена се сметаат маските за еднократна или повеќекратна употреба, памучни или свилени марами, шал или слично. Уредбата исто така ги задолжува сите домашни и странски правни лица на територија на РС Македонија да обезбедат носење лична заштитна опрема на физичките лица кои се вработени во седишта, подружници и работни простории а истовремено задолжувајќи ги да вршат надзор за носењето на личната заштита од страна на сите

физичките лица на кои во спротивно заради не носење заштитна опрема на лицето да им се забрани влез во овие простории додека трае вонредната состојба.

Со оваа уредба, предвидени се ситуации во кои **постои исклучок од обврска за носење лична заштитна опрема, а тоа е:** при извршување на одредени работни задачи се носи посебна лична заштитна опрема на лицето, при престој во двор на станбена семејна куќа, за време на индивидуални спортски активности на отворено како и при движење со одржување на дозволено минимално растојание од два метри со друго лице а исто така се исклучува обврската за носење на лична заштитна опрема и при патување со патничко моторно возило со лица од заедничко домаќинство.

За време на траењето на вонредната состојба како надлежни институции за надзор и контрола на спроведување на одредбите од Уредбата се определени Министерството за внатрешни работи, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат на труд и Државен пазарен инспекторат кои ќе постапуваат во рамките на своите законски утврдени надлежности кои ќе спроведуваат решенија како и прекршочни казни кон физички и правни лица кои што нема да се придржуваат до одлуките на Уредбата.

Во оваа уредба со законска сила се утврдени и прекршочни одредби според кои во случај на прекршување на одредбите на оваа уредба со законска сила се изрекува глоба како за физички така и за правни лива. Од денот кога оваа уредба стапи на сила па се до 30 април 2020 година, надлежните органи ќе изрекуваат исклучиво опомени а по истекот на овој период ако се постапува спротивно на одредбите на оваа уредба утврдена е глоба во износ од 20 евра денарска противвредност за секое домашно или странско физичко лице додека пак глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за секое домашно или странско правно лице ако постапува спротивно на задолжувањата утврдени со одредбите на оваа уредбата согласно која во ваква ситуација на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност.

3. **Уредба со законска сила за задолжителна самоизолација за присуство на коронавирус КОВИД-19** со која се утврдува задолжителна обврска за самоизолација за сите домашни и странски физички лица а на кои им е извршено тестирање за присуство на коронавирусот КОВИД-19 во нивниот организам, и тоа од моментот на земањето на материјалот па се добивање на негативен резултат од тестирањето, и тоа без оглед дали се симптоматски и асимптоматски. За времетраењето на самоизолацијата, лицето во самоизолација не смее воопшто да излегува, да ги избегне или сведе на минимум контактите со други лица во домот за самоизолација и да ги почитува препораките на Министерството за здравство во врска со самоизолација.

4. **Уредба за примена на законот за трговија за време на вонредна состојба** со која се утврдува дека во објектите во кои се врши трговија на мало истовремено можат да пазаруваат најмногу по едно лице на површина од секои 20 метри квадратни а во објекти со површина помала од 20 метри квадратни може да пазарува само едно лице. Со оваа уредба се задолжува трговецот да обезбеди заштитна опрема за вработените кои се должни да ја носат постојано во текот на работното време.

5. **Уредба со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредната состојба** со која се утврдува задолжителна обврска на давателот на поштенската услуга да обезбеди редарска служба при влез и излез од објектот, истовремено да се постават ознаки за правец на движење на корисниците на услугите со вршење надзор за запазување на минималното растојание од другите корисници како и задолжителното носење на заштитна опрема на лицето при влез во објектот но и пред секој шалтер на кои се пристапува за вршење поштенска услуга. Со уредбата се задолжува давателот на поштенската услуга најмалку еднаш неделно да врши превентивна дезинфекција.

6. **Уредба со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредната состојба** со која се утврдува банките и штедилниците да обезбедат редарска служба за поставување ред, дисциплина и да се запази минимум потребното растојание при влез и излез од објектот а при тоа да не се дозволи влез во објектот на лица кои не носат заштитна опрема со која се покриени устата и носот. Согласно оваа уредба се определува дека во банките и штедилниците во исто време заедно со вработените не смее да има повеќе од 5 лица во просторија до 50 квадратни метри, повеќе од 10 лица во просторија до 100 квадратни метри, повеќе од 15 лица во просторија од 100 до 200 квадратни метри и повеќе од 20 лица во просторија над 200 квадратни метри.

7. **Одлука за намалување на наградниот фонд на наградната игра „Мој ДДВ, Моја Награда“ и за уплата на средствата во Фондот за помош и подршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД–19** со која се препорачува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на РС Македонија,, средствата во износ од 4.383.410,00 денари да ги уплати на донаторска сметка на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ наменета за донации од правни и физички лица за справување со КОВИД–19 епидемијата. Согласно одлуката, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Државна лотарија на РСМ се задолжени да склучат анекс договор за заедничко организирање на наградната игра „Мој ДДВ, Моја Награда“ како и да се изменат правилата за приредување на оваа наградна игра од страна на Државна лотарија на РСМ.

8. **Одлука за утврдување распоред на работното време** со која се утврдува дека работното време во Владата, министерствата и другите државни органи на државната управа започнува помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршува помеѓу 15:30 и 16:30 часот со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа што е согласно и со Одлуката за измени и дополнување на одлуката за ограничување на движењето.

**Со новите уредби со законска сила се продолжува времето за слободно движење на граѓаните кои се должни да носат лична заштитна опрема на лицето во спротивно за прекршување на одредбите утврдени во уредбите, после 30 април 2020 година ќе се изрекуваат и глоби на сите домашни и странски физички и правни лица на територија на РС Македонија.**